Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

Извадок на дел од дневни настани 25.09.2020

На 24.09.2020 во 18.15 часот на ул.„Христо Смирненски", од полициски службеници од СВР Скопје бил лишен од слобода Г.Ј.(39) од Скопје, бидејќи кај него била пронајдена марихуана, шприцеви и семки од канабис. По целосно документирање на случајот, против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 24.09.2020 во 21.50 часот на подрачјето на Драчево, полициски службеници од СВР Скопје го лишиле од слобода Ф.Б.(19) од Скопје, бидејќи кај него била пронајдена марихуана. По целосно документирање на случајот, против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 24.09.2020 во 21.50 часот на ул.„Пушкинова" во Скопје, од полициски службеници од СВР Скопје бил лишен од слобода А.Ј.(35) од Скопје, бидејќи кај него била пронајдена прашкаста материја. По целосно документирање на случајот, против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 24.09.2020 околу 09.00 часот на скопската обиколница, кај клучка Смилковци, товарно возило „фиат дукато", со скопски регистарски ознаки, управувано од А.М.(59) од с.Петровец, скопско, удрило во пешак Д.М.(59) од истото село. Во незгодата со тешки телесни повреди се здобил Д.М., констатирани во Комплекс клиники „Мајка Тереза", каде бил пренесен за укажување на лекарска помош. Увид на местото на незгодата извршила екипа од СВР Скопје.

На 24.09.2020 во 18.00 часот во Полициска станица Аеродром, В.П.А.(43) од Скопје пријавила дека на бул.„Трета македонска бригада" нејзиниот 17-годишен син бил каснат од куче скитник.

На 24.09.2020 полициски службеници на СВР Тетово-Одделение за внатрешни работи Гостивар, со судска наредба, извршиле претрес во домот на Д.Д.(39), во Маврово. При претресот биле пронајдени бела прашкаста материја и четири патрони за ловечка пушка, калибар 16 милиметри. По целосно расчистување и документирање на случајот, против Д.Д. ќе следува соодветен поднесок.

На 24.09.2020 околу 09.00 часот, било пријавено дека на патот Прилеп - Маркова Чешма, кај место викано „Поводеници", К.А.(78) од Прилеп, додека управувал велосипед, паднал и се здобил со тешки телесни повреди, констатирани во Градска болница Прилеп, каде бил префрлен за укажување на лекарска помош.

На 24.09.2020 околу 20 часот на место викано Кисела вода во атар на село Степанци, Велес при преземање на мерки против лица што вршеле бесправна сеча и превоз на дрва, биле нападнати пет полициски службеници, а напаѓачите употребиле и тврди предмети. Еден полициски службеник се здобил со тешки телесни повреди и е пренесен во Клинички центар во Скопје,а четворица полициски службеници се здобиле со повреди. Веднаш е известен јавен обвинител. До сега се приведени четири лица, идентификувани се други лица и пронајдено е возилото кое го користеле. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 24.09.2020 во 10.30 часот во Царинска испостава „Табановце", полициски службеници од Полициска станица Табановце, по пријава на М.Б.(53) од Р.Босна и Херцеговина, дека забележал оштетување на товарното возило, со странска национална ознака, кое го управувал, настанато додека бил паркирано во блиската на Граничен премин Табановце, извршиле контрола на возилото. Притоа, во задниот товарен дел биле пронајдени осум лица мигранти (пет од Бангладеш, две од Пакистан и едно од Р.Турција), кои според пријавеното влегле во товарниот дел додека возилото било паркирано. За настанот бил известен Јавен обвинител, а мигрантите се предадени во Транзитен центар Табановце.

На 24.09.2020 во 22.05 часот на крстосница од ул.„Методија Андонов Ченто" и помошна улица во Скопје се случила сообраќајна незгода помеѓу патничко возило „фолксваген голф", со скопски регистарски ознаки, управувано од А.Р.(43) од Скопје и мотоцикл „јамаха", со битолски регистарски ознаки, управуван од Д.Г.(20) од с.Иниково, скопско. По незгодата, Д.Г. и сопатникот на мотоциклот Д.Т.(19) од истото село биле пренесени во Градска општа болница „Св.Наум Охридски", каде на Д.Т. му биле констатирани тешки телесни повреди, а на Д.Г. телесни повреди. На 25.09.2020 околу 00.30 часот, додека полициски службеници го обезбедувале местото на незгодата, дошол Т.Г.(44), чиј син учествувал во незгодата, и се однесувал агресивно кон полициските службеници, а неговите синови Д.Г. и К.Г.(22) физички ги нападнале. Сите лица инволвирани во нарушувањето се приведени во Полициска станица Гази Баба. Се преземаат мерки за расчистување на случајот, по што ќе следуваат соодветни поднесоци.

На 24.09.2020 во СВР Куманово било пријавено дека околу 09.00 часот, во фабрика во Куманово, за време на извршување на работни задачи биле повредени Ч.С.(57) и Р.И.(27), и двајцата од Куманово. Ч.С. од здобиените повреди починал, а смрт констатирала екипа од Итната медицинска помош Куманово. Р.И.(27) бил пренесен во Медицински центар Куманово за укажување на лекарска помош. Увид на местото на настанот извршила увидна екипа на СВР Куманово, а по наредба на Јавен обвинител телото на починатиот е предадено за обдукција.

На 24.09.2020 во 21.00 часот на ул.„Иван Козаров", полициски службеници од СВР Скопје го лишиле од слобода Ф.П.(33) од Скопје, бидејќи кај него била пронајдена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 24.09.2020 во 13.15 часот во Полициската станица Валандово, М.Д.(53) од Валандово пријавил дека во периодот од 23.50 часот на 22.09. до 19.00 часот на 23.09.2020 му бил одземен пиштол „Црвена застава" кал. 9мм, без куршуми, од неговата автолимарска работилница на ул.„Маршал Тито" во Валандово. Увид на местото извршила увидна екипа на Полициската станица Валандово и се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 24.09.2020 во 16.20 часот во СВР Скопје, З.Б.(57) од Скопје пријавил дека околу 11.00 часот на паркинг на ул.„Страшо Пинџур",бил физички нападнат од едно лице. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 24.09.2020 во 12.18 часот во СВР Скопје било пријавено дека на ул.„Ѓорѓи Димитров" во Скопје, Х.Б.(44) од Скопје била физички нападната од Ф.Б.(48) од Скопје. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 25.09.2020 во 03.09 часот во СВР Скопје било пријавено дека во Градската општа болница „Св.Наум Охридски" бил донесен повреден Т.К.(18) од Скопје, по чие кажување околу 03.00 часот на ул.„Иван Козаров", додека бил со Д.Д.(19) од Скопје, настанала физичка пресметка со А.А.(19) и М.П.(19), двајцата од Скопје, поради нерасчистен долг. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 25.09.2020 во 01.45 часот во СВР Скопје, А.Ќ.(18) од Скопје пријавила дека околу 00.00 часот на паркинг на Средно Водно во Скопје била физички нападната од Е.Е.(32). Сочинет е записник за констатиран прекршок по член 12 од Законот за прекршоците против јавниот ред и мир.

На 25.09.2020 околу 01.40 часот во СВР Скопје било пријавено дека во угостителски објект во с.Миладиновци, по претходна расправија, настанала физичка пресметка помеѓу М.П.(19) и С.П.(40), двајцата од с.Кучевиште, од една страна и Љ.Д.(27) и Ј.Н.(27), двајцата од с.Мршевци, од друга страна. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

СВР Охрид поднесе кривична пријава против В.Т.(45) од Струга поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „тешка телесна повреда". Тој, на 19.08.2020 пред објект на улица „15 корпус" во Охрид, физички го нападнал И.Ц.(39) од охридското село Лескоец, кој извршувал работи на обезбедување на објектот.

На 24.09.2020 во СВР Велес било пријавено дека околу 10.00 часот на ул. „Славко Ѓоргиев" во Велес, во својот стан бил пронајден починат С.А.(64). Од лекар од Итна медицинска помош била констатирана смрт, без траги на насилство. Увид на местото на настанот извршила увидна екипа на СВР Велес, а по наредба на Јавен обвинител телото на починатиот е предадено за обдукција.

На 25.09.2020 околу 06.00 часот на крстосница од пат с.Кравари – с.Оптичани, поради постоење основано сомнение дека се превезуваат мигранти, полициски службеници од Полициска станица Меиитлија се обиделе да сопрат патничко возило „порше", со скопски регистарски ознаки, но возачот се обидел да ги прегази, по што полициските службеници од огнено оружје испукале неколку истрели. Набрзо возилото запрело во близина на бензинска пумпа на влез во Битола, а во него бил затекнат возачот Ш.С., кој се здобил со две прострелни рани во нозете, додека во непосредна близина бил пронајден и еден мигрант со прострелна рана во едната нога. Повредените лица се пренесени во Клиничка болница Битола за укажување на лекарска помош. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

СВР Штип поднесе кривична пријава против Б.С.(38) од Штип, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „загрозување со опасно орудие при тепачка или караница". На 14.07.2020 во спортска обложувалница на ул.„Маршал Тито" во Штип, пријавениот, по вербална расправија, са пиштол му се заканувал на Ј.С. од Штип, по што и физички го нападнал.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Гевгелија поднесе кривична пријава против М.Ј.(48) од Прилеп, управител на правно лице од Прилеп, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „злоупотреба на службена положба и овластување " и против Х.М.(24) од Прилеп, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „непостапување според здравствените прописи за време на епидемија". На 23.04.2020 од полициски службеници од Полициска станица за Граничен премин и Граничен надзор Богородица, при контрола на товарно возило „ивеко", управувано од Х.М., било констатирано дека дозволата за движење е правно неважечка. М.Ј., во време на прогласена вонредна состојба и донесена одлука за забрана и посебен режим на движење, издала дозвола за движење за вработен додека вршеше на сменска и ноќна работа за 23.04.2020, со втиснат печат на правното лице без деловоден број и му ја дала на користење на Х.М., кој немал засновано работен однос во истото правно лице.

На 24.09.2020 во 10.50 часот во Полициската станица Бит Пазар, Ф.К.(60) од Скопје пријавил дека слушнал пукање, по што излегол во дворот од куќата на ул.„Места" и пронашол осум чаури. Според пријавеното, исто така, и кај неговиот роднина Ф.К.(46) од истата улица биле пронајдени четири чаури и еден неиспукан куршум. Повредени лица нема. Увид бил извршен и се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија
Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 e-поштa: kontakt@moi.gov.mk
Изработено од Унет